Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## ПРОСЛАВЕН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

По повод Светскиот ден на претприемништвото – 16 Април 2010 Центарот за развој на нови бизниси при Машинскиот факултет и Бирото за развој на образованието го организираат финалето на Третиот Натпревар за најдобар бизис план помеѓу Гимназиите во нашата земја.

На натпреварот беа доставени 30 бизнис планови од 14 градови низ Република Македонија: Свети Николе, Пробиштип, Гевгелија, Радовиш, Скопје, Велес, Охрид, Ресен, Неготино, Струга, Валандово, Гевгелија, Куманово, Струмица, а во финалето се натпреваруваа 12-те најдобри гимназии.

Наградите (обезбедени од спонзорите: Штедилница Можности – 2000 Евра и ОНЕ – 1500 Евра) на најдобрите тимови ќе им бидат доделени на свечена церемонија во Хотел Александар Палас на 11.05.2010 г.



Натпреварот го отворија и поздравија Министерот за образование и наука Г-дин Никола Тодоров, Заменик министерот за економија Г-дин Методија Хаџи-Васков и Директорката на Бирото за развој на образование Г-ѓа Весна Хорватовиќ.

## ПРЕДАВАЊЕ

На 28.04.2010 во просторијата К2-14 во новата зграда на Машинскиот Факултет свои предавања одржаа членовите на PREPARE групата. Во рамките на своите редовни годишни активности, оваа неформална и независна Европска мрежа на експерти од областа на почисто производство и одржлив развој одржа свој работен состанок во Скопје и во Охрид, во чии рамки беа одржани и предавањата на Машинскиот Факултет. Свои излагања имаа г-дин Ким Кристиансен од Националниот институт за стандарди на Данска, г-дин Вили Сиебер од Австрискиот Институт за Екологија и д-р Франк О`Конор, директор на Екодизајн Центарот во Велс.

## ДОНАЦИЈА

На 5 Мај 2010 година, во рамките на презентацијата на фирмата DiTra за софтверските пакети на PowerMILL и Delcam For SolidWorks (DFS), МФС доби донација од 10 лиценци на софтверот Feature CAM.

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Студентите на Машинскиот факултет повторно ја потврдија својата хуманост. На 3,4 и 5 мај 2010 на Машински факултет се оддржа крводарителска акција на која 58 студенти и 3 вработени даруваа крв.

## МАКЕДОНСКИ СТУДЕНТСКИ ИГРИ

Од 12 до 16 април 2010 година во Охрид се одржаа традиционалните Македонски Студентски Игри.

Студентите на Машинскиот факултет редовно учествуваат и од таму се враќаат со вредни обележја. Оваа година, нашите студенти освоија 1 место во одбојка мажи, две втори места во натпреварите по ракомет и кошарка во женска конкуренција и трето место во одбојка во женска конкуренција.

Навивачката група на МФС доби посебна диплома за најдобра навивачка група.

Честитки до нашите студенти за успешното претставување на Машински факултет и на спортското поле.

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец април 2010 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Татјана Кандикјан, заради учество на меѓународна конференција реализира службено патување во Анкона, Италија од 14 до 27 април 2010 година.
2. Проф. д-р Ристо Цицонков, заради учество на меѓународна конференција реализира службено патување во Сиднеј, Австралија од 11 до 14 април 2010 година.
3. Вон. проф. д-р Златко Петрески, доц. д-р Виктор Гаврилоски и пом.асс. Јована Јованова, заради учество на меѓународен семинар остварија службено патување во Србија на 19 и 20 април 2010 година.
4. Доц. д-р Дарко Данев, заради учество на меѓународна конференција, реализира службено патување во Минхен, Германија во период од 14-16 април 2010 година.
5. Доц. д-р Виктор Стојмановски, во период од 12 до 15 април 2010 год. оствари службено патување во Брисел, Белгија заради посета на Извршната агенција за конкурентност и иновации.
6. Проф. д-р Атанаско Тунески во период од 11 до 25 април 2010 година оствари студиски престој на Универзитетот во Фиренца, Италија.
7. Проф. д-р Марко Серафимов во период од 6 до 11 април 2010 год., оствари престој на Универзитетот во Хановер заради одржување часови и настава на втор циклус студии во рамки на проектот спонзориран од страна на ДААД од Германија.
8. Проф. д-р Зоран Пандилов, во период од 13 до 29 април 2010 година престојуваше на Машинскиот факултет во Прага, Р.Чешка каде што се водени разговори за понатамошна поблиска научно едукативна соработка.
9. Асс. м-р Емил Заев заради подготовка на билатерален македонско-австриски проект со Институтот за автоматика од 14 до 23 април 2010 година престојуваше на Универзитетот во Леобен, Австрија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**21.05.2010**
**ДУХОВДЕН, ПЕТОК ПРЕД ДУХОВДЕН**

**24.05.2010**
**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ**

**20.05.2010**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**27.05.2010**
**20 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.
Иван Поп Тонев, дипл. ел. инж

**Година 2010, април, број 90**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

Традиционалниот Отворен ден во организација на МФС ќе се одржи на 14.05.2010 год. Оваа година, под наслов Extreme sports vs. extreme science ќе се оддржат натпревари во разни екстремни спортови, но и во разни екстремни гранки од науката. Повеќе информации на сајтот на МФС:

http://www.mf.edu.mk/sport_vs_science/_index.html

